РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-956/2
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37- седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-956/1 од 27.02.2026 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека во конкретниот случај не постојат наводи кои упатуваат на постоење на корупција или судир на интереси, односно дека за постапување по пријавените наводи надлежен е друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Државниот санитарен и здравствен инспекторат при Министерството за здравство на Република Северна Македонија на натамошно постапување согласно нивната надлежност.

Предметот со број 12-956/1 од 27.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-956/1 од 27.02.2026 година е оформен врз основа на пријава поднесена од страна на непознат подносител со наводи против ЈЗУ ---------------------------- – ---------------.

Подносителот на пријавата укажува на повеќе неправилности во работењето на установата. Според наводите, пациентите биле ангажирани за извршување на работни задачи, иако истите работи, согласно систематизацијата, треба да ги извршуваат вработени лица. Дополнително, во пријавата се укажува на сериозни недостатоци во одржувањето на хигиената во установата, вклучително и појава на заразни состојби, несоодветно одржувани санитарни јазли и недоволна грижа за личната хигиена на пациентите, како и на несоодветни услови за престој, односно недоволно греење.

Подносителот наведува и дека дел од вработените не ги извршуваат своите работни обврски совесно и одговорно, како и дека постојат наводи за примање парични средства со цел овозможување посети на пациентите од страна на нивните роднини.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК ја разгледа релевантната законска регулатива и утврди дека, согласно член 3 од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/2006, 139/2008, 88/2010, 18/2011, 53/2011, 164/2013, 43/2014, 144/2014, 51/2015, 150/2015, 37/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 16/2025), работите на санитарната и здравствената инспекција ги врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како орган во состав на Министерството за здравство.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на прашања поврзани со условите за престој, хигиенско-санитарните услови, начинот на организација на работата и постапувањето на здравствената установа, кои се во надлежност на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.
Имајќи предвид дека во конкретниот случај не постојат наводи кои упатуваат на корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување.

Согласно наведеното, ДКСК одлучи предметната пријава со прилозите да ја достави до Државниот санитарен и здравствен инспекторат при Министерството за здравство на Република Северна Македонија, како надлежен орган за натамошно постапување.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk